Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-1911/1
25.03.2019 година
Скопје

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15 , 192/15,27/16, 120/16 и 165/17) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), со овластување на министерот за правда, заменикот министер донесе

# О Д Л У К А

## за набавка на стока – репрезентативен материјал за потребите на Министерство за правда

1. За потребите на Министерство за правда да се изврши за јавна набавка на стока – репрезентативен материјал согласно техничка спецификација во тендерска документација.

2. Предметот на јавната набавка е предвиден во ГПЈН за 2019 и истиот е **деллив на 2 (два) дела и тоа:**

   ДЕЛ 1 : Набавка на стока - **Македонски сувенири и плакети со тема од традиционалното народно творештво и културно наследство на Македонија**

   ДЕЛ 2: Набавка на стока - **Вино произведено и контролирано со георгафско потекло од Република Северна Македонија**

3. За реализација на оваа набавка потребни се средства во вкупен износ од 200.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ со износ од 36.000,00 односно 236.000,00 со вклучен ДДВ. Средства се обезбедени од Буџетот на Министерството за правда за 2019 година, а плаќањето ќе се врши од редовна буџетска сметка на Министерството за правда 637, програма 10-администрација, ставка 426

4. Јавната набавка од точката 1 на оваа одлука, да се изврши со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 став 3 алинеа 1 од Законот за јавни набавки со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-Аукција), согласно Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17).

5. Набавката е **делива и на 2 (два) дела** и тоа :

ДЕЛ I: Набавка на стока - **Македонски сувенири и плакети со тема од традиционалното народно творештво и културно наследство на Македонија** точка 2 алинеа прва, од оваа одлука со проценета вредност од 120.000,00денари без ДДВ, ДДВ во износ од 21.600,00 денари или вкупна вредност со ДДВ 141.600,00денари

- ДЕЛ 2: Набавка на стока - **Вино произведено и контролирано со георгафско потекло од Република Северна Македонија** од точка 2 алинеа втора од оваа одлука со проценета вредност од 80.000,00денари без ДДВ, ДДВ во износ од 14.400,00 денари или вкупна вредност со ДДВ 94.400,00денари.

6. Критериум за избор на најповолен понудувач да биде: **најниска цена.**

7. За спроведување на постапката од оваа одлука се формира комисијата за јавни набавки следниот состав:

- Претседател на комисија: Петар Мирковиќ
- Членови:
  - Кариман Авзији
  - Насер Ќамили

- Заменик претседател на комисија: Никола Бабановски
- Членови:
  - Берат Мехмеди
  - Јетон Халили

8. Се задолжува Комисијата за јавни набаваки од точката 7 да ја спроведат оваа одлука, согласно Законот за јавни набавки.

9. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Овластено лице од Министерот за правда**
**Заменик министер**
**Оливер Ристовски**

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение